ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 156 – 1/2007
Загреб, 11. 07. 2007.

# З А П И С Н И К

од **14. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **11.07.2007. година** со почеток во **11.10 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Слаѓана Бошњаковиќ (со писмено овластување како замена на претседателката Ј. Цветичанин – Осиек, прилог), Б. Штерјов – Загреб, М. Мајиќ – Задар и Владо Настески (со писмено овластување како замена на претседателот И. Христодулов – Риека, прилог).

**Отсутни:** Н. Гроздановски – Загреб и претставник – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, М. Бан – член на НО на Заедницата, Михаило Давчевски – Риека и М. Паризоски – дописник на „М. глас“ – Загреб.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 13-та седница;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.07.-30.09.2007.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2007. godine“;
4. Договор околу реализацијата на програмите до крајот на оваа година и усвојување на донесените одлуки;
5. Договор околу предлог-програмите за 2008. година и усвојување на донесените одлуки;
6. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 13. седница на УО на Заедницата (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше припремен и предаден од страна на сите друштва и од Заедницата, освен друштвата од Риека и Пула (прилог). Се отвори дискусија за активностите на друштвата за идното тромесечје, посебно за прославата за Денот на државноста на РМ и членовите на УО се согласија, доколку Семакедонската координација во РХ припрема централна прослава на 08.09.2007. година, секое друштво таа прослава да ја организира на локално ниво (со некој друг близок датум). Во тој случај, 15. седница на УО на Заедницата би се одржала на истиот датум поради заштеда на трошоците. Се спомна и селењето на имовината на МКД „К. Мисирков„ од просториите на Заедницата и А. Митревски ги извести присутните дека таа работа ќе биде завршена идната недела. Исто така, М. Мајиќ рече дека не се согласува со точката 11. од дополнението на Информаторот од Заедницата. Во врска со проблематиката на друштвото од Пула, претс. рече дека повторно разговарал со неколку претставници, и доколку градот не се очитува до септември со некакво решение, Заедницата би реагирала со службено барање за очитување на Град Пула, по потреба и преку јавните медиуми.

**Ад. 3.** Во врска со полугодишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2007. godine“ за Советот, Е. Петровска рече дека е изработен и на време предаден до Советот (прилог), заедно со извештаите на друштвата (освен Извештајот од друштвото од Пула), со што членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**. Во врска со прославата „Илинден„ претс. А. Митревски рече дека трошоците за автобусите за друштвата од Осиек и Сплит, ќе ги подмират самите друштва со средствата кои им се доделени од Советот за таа прослава.

**Ад. 4.** За оваа точка, претс. А. Митревски нагласи дека оваа година заедништвото помеѓу друштвата на Заедницата повторно заживеа, програмите меѓусебно се следеа, организираа и посетуваа и дека ќе се работи на тоа и во иднина. Тој ги извести присутните дека од Министерството за наука, образование и спорт на РХ, одобрени се средства за програмата „Летен камп 2007. – училиште на македонски јазик„ за деца, во вкупен износ од 40.000,00 кн. (Договорот треба да пристигне на потпис овие денови). Летниот камп ќе биде одржан од 05.-12.08. во „Еуроклуб„ на Шолта за вкупно 37 деца и 6 водители со платени трошоци за превоз и сместување на база на полн пансион. Се водеше расправа и за останатите програми и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се одобрува реализирањето на промоцијата на списанието „Македонски глас„ од средствата за информирање, со трошоци во вкупен износ од околу 5.000,00 кн.;
- Се одобрува реализирањето на промоцијата на монографијата „МКД Илинден (1991-2006) Риека„ од Владо Настески во склоп на промоцијата на списанието „Македонски глас„ од средствата од Град Загреб, со трошоци во вкупен износ од околу 3.000,00 кн.;
- Останатите барања на главната и одговорна уредничка на „Македонски глас„ М. Апостоловска (прилог), ќе се разгледуваат на идната седница на УО на Заедницата;
- Претс. А. Митревски да се состане со раководството на МКД „Илинден„ во Риека за договор околу реализацијата и висината на трошоците на култ. маниф. „Илинден 2007„ во Голубињак. Членови на организацискиот одбор за оваа манифестација се: А. Митревски, И. Христодулов, В. Настески, М. Давчевски, Л. Цветковски, М. Бан и Е. Петровска;

- Да се прати допис до Градското поглаварство на Самобор, за договор околу одбележувањето на Илинден во Самобор со полагање на венци пред бистата на Кочо Рацин;
- Да се подмират патните трошоци на осумте учесници на фудбалската екипа на Заедницата, која настапува на фудбалскиот турнир на македонската дијаспора „**Корени** 2007„ кој ќе се одржи од 02.09. до 09.09.2007. година во Дојран, РМ, во вкупен износ од околу 8.000,00 кн.;
- Организацијата на култ. маниф. „Рацинов ден – Бели мугри„ во Самобор, се одложува за идната седница на УО на Заедницата;
- Се одобрува реализацијата на култ. маниф. „Летен камп 2007. – училиште на македонски јазик„ за деца, со трошоци во вкупен износ од 40.000,00 кн. (доколку трошоците бидат повисоки, разликата ја надоплатуваат друштвата од своите средства);
- За X. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ во конц. сала „Лисински„ во Загреб, секое друштво за идната седница на УО на Заедницата да припреми програма со што може да се претстави;
- Претс. А. Митревски да провери до каде се припремите за програмата „Етнографско истражување и филм за Македонците во Хрватска„. Доколку се нема доволно средства за реализација на оваа програма, ќе се бара од Советот пренамена на овие средства за други потреби на Заедницата;
- Сите книги опфатени во издаваштвото за оваа година се во припрема и ќе се настојува да бидат издадени во предвидениот рок.

По точката **Ад. 4.**, седницата во 12.30 часот прекина со својата работа поради одржување на промоцијата на 50. број на списанието „Македонски глас„ кое е во издаваштво на Заедницата и на монографијата „МКД Илинден (1991-2006) Риека„ од Владо Настески. По промоцијата, во 14.30 часот, членовите на УО продолжија со работата на седницата.

**Ад. 5.** Што се однесува до пријавите за финансирање на програми за 2008 година, Е. Петровска рече дека се припремаат пријави на програми на ниво на Заедницата, до Министерството за култура на РМ, Министерството за наука, образование и спорт на РХ („Летен камп 2008. – училиште на македонски јазик„ за деца) и до Градскиот уред за образование, култура и спорт на Град Загреб („Промоции на книги од македонски автори од РХ„ и „Недела на македонскиот филм во Загреб„). Поради тоа, друштвата кои сеуште ги немаат доставено своите програми до Заедницата, требаат тоа да го сторат во што пократок временски рок.

**Ад. 6.** Под точката разно се водеше дискусија за многу теми. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да се контактира со И. Христодулов за сметката од 23.05.2003. година (ресторан „Обртнички дом„ на износ од 1.787,00 кн.), која била направена од страна на Заедницата, а сеуште не е платена, и за која тој превзема обврска да ја реши;
- Изложбата на копии на теракотни икони од Виница која беше реализирана во Ѓаково за 10. Денови на Б. Миладиновци, се превзема понатака за „Деновите на македонската култура„ во Осиек до октомври, а сите понатамошни трошоци за транспортот и уредувањето, паѓаат на терет на друштвото од Осиек за таа манифестација. Истото важи и за друштвото од Загреб, кое до идната седница на УО на Заедницата треба да се очитува дали ќе има можност изложбата да ја превземе во Загреб. Преостанатите трошоци за поврат на изложбата во Македонија во вкупен износ од околу 300,00 евра, ги подмирува друштвото од Осиек, или

друштвото од Загреб ако ја превземе истата. Во тој случај, комплетните трошоци за печатењето на каталогот остануваат на Заедницата;
- Трансферот на средствата за друштвото од Пула е стопиран и понатака, се додека не се добијат некои конкретни информации од нивна страна. Доколку тие не ги одработат програмите за кои им се доделени средствата, ќе се бара од Советот пренамена на овие средства за други потреби на Заедницата;
- На јавниот собир „Избори и работа на Советите за нац. малцинства: искуства, изазови и препораки„ кој ќе се одржи во организација на Советот за нац. малцинства во РХ и Гонг во Загреб на 16.07.2007. година, ќе присуствуваат А. Митревски, Б. Штерјов и Е. Петровска;
- Поради намалување на трошоците на Заедницата, членот на НО обвезно ќе присуствува само уште на идната седница на УО на Заедницата, а потоа ќе се повикуваат само по потреба;
- Чистењето на заедничките простории во Заедницата, кои ги користат и МКД „Охридски бисер„ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за своите потреби, е составен дел на заедничките режиски трошоци и ќе се исплатува по 300,00 кн. нето месечно, а исплата ќе се врши двапати годишно преку „Студент сервис„ (бруто вкупен износ од околу 4.250,00 кн. годишно);
- Се даруваат 20 примероци на книгата „Крлежа и Македонија„ на авторот О. Бојаџиски на негово барање (прилог);
- Доделувањето на користење на малата соба (до собата за состаноци) во просториите на Заедницата, на барањата од МКД „Охридски бисер„ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за нивните административни потреби (прилог), се одложува за идната седница на УО на Заедницата.

По оваа точка, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **16.10** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ZAGREB ЗАГРЕБ